РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ / KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр.- Nr. 03-933/11
07-05-2025 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Друштво за компјутерски консултантски услуги ИНВЕНТИКО ДОО
Бр. 0507-10411
07.05. 2025 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР

за набавка на Услуги- Одржување на софтвер за администрирање на локални даноци – „Комуна“ со број на оглас 07190/2025

Склучен на _____ година, меѓу :

1. Единицата на Локалната самоуправа Јегуновце, со седиште на улица „101" бб , во Општина Јегуновце со ЕМБС 6013244 и Единствен даночен број 4028004145069, застапувана од Градоначалникот Димитар Костадиноски (во натамошниот текст : Договорен орган") од една, и

2. Друштвото за компјутерски и консултантски услуги „ИНВЕНТИКО" ДОО СКОПЛЕ, со седиште на улица „Христо Татарчев-20" број 22 во Скопје со ЕМБС 7327641 и Единствен даночен број 4058019531611, застапувано од Одговорното лице Милан Аризанкоски (во натамошниот текст: (Носител на набавката / Обработувач"), од друга страна.

Член 1

Предмет на овој договор с набавка на услуги за превентивно одржување на системска платформа за утврдување и следење на наплатата на даноците и проценка на вредноста на недвижностите - Комуна, како и надградба за потребите на Единицата на Локалната самоуправа утврдена во техничката спецификација.

За потребите на договорниот орган с спроведена и реализирана постапка за јавна набавка од мала вредност, по оглас број **07190/2025** од 22.04.2025 година која се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки и заврши без одржување на електронска аукција.

Член 2

Системската платформа за утврдување и следење на наплатата на даноците и проценка на вредноста на недвижностите - Комуна, која е предмет на овој договор е составена од следните програмски модули:

- Собирање, унификација, проверка на квалитетот, модификација и уточнување на податоците од недвижности, утврдување на нивната сопственост и проценка на пазарната вредност на недвижностите,
- Функционалност за проценка на пазарната вредност на недвижностите, управување и наплата на даноците на имот,
- Модул за администрација на податоци за имот (објекти и земјиште),
- Модул за префрлување на имот/земјиште кон друг сопственик,
- Модул за физичка делба на недвижност,
- Модул за менаџирање на Методологија на проценка на вредност на недвижнина,
- Модул за матрица на поткатегории и елементи по тип на објект,

- Модул за матрица на бодови/вредност на елементи и поткатегории,
- Модул за масовно ажурирање на објекти и земјиште,
- Модул за администрација на даночни решенија,
- Модул за индивидуално креирање на решенија,
- Модул за масовно креирање на решение,
- Модул за интеграција со клириншка кука (КИБС),
- Модул за импортирање на дневни изводи од уплати од е-обврски,
- Модул за книжење на спорни уплати,
- Модул за корисници надвор од Општината и електронска онлине наплата на решенијата кон виртуелен ПОС терминал,
- Модул за менаџирање на комунални такси,
- Модул за ажурирање на финансиска картичка на правни и физички,
- Модул за администрација на кориснички профили,
- Модул за администрација на номенклатури/шифрарници/регистри, и
- Модул за извештаи, статистички анализи и графички прикази.

Член 3

Вкупната вредност на склучениот договор за набавка на услуги за превентивно одржување на системска платформа за утврдување и следење на наплатата на даноците и проценка на вредноста на недвижностите - Комуна е 84.000,00 денари без вклучен ДДВ или 99.120,00 денари со вклучен ДДВ.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка на услуги.

Член 4

Носителот на набавката с должен да ги врши услугите предмет на договорот веднаш и според бараната, и потребите на Договорниот орган.

Времето на одзив при пријава на грешка во работењето на системот или некој негов дел кој го попречува нормалното функционирање на истиот, зависи од степенот на сериозноста на проблемот и се дадени во табелата :

Степен на сериозност на проблемот	Поддршка	Одзив на време за интервенција
Стандардно времена поддршка	Понеделник – петок 08-17ч	Понеделник – петок 08-17ч
Време на одзив		
P1 – ИТНО		до 2 работни часа
P2 – НЕ-Критично		до 2 работни дена

Под **Р1 „итно”** степен на сериозност се подразбира проблем во функционирањето на системот при што системот не функционира (SystemDown), односно не може да се подигне или не може да ја извршува својата основна функција и се предизвикува застој во деловниот процес што го подржува или во поголемиот негов дел.

За сите останати проблеми се смета дека имаат **Р-2 “не-критичен”** степен на сериозност.

Причина за интервенција се проблеми настанати од инсталираниот софтвер.

Најдоцна во рок од два (2) работни часа треба да се изврши анализа и дијагностицира во што е проблемот и даде решение за решавање на проблемот.

Превентивното одржување на софтверот ќе се извршува месечно во период од 7 месеци.

Член 6

Хостирањето на системот потребно е да биде направен на хардверската инфраструктура на Носителот на набавката. Доколку системот побарува дополнителни лиценци, third-party application tools или лиценци за бекап системи, истите треба да бидат трајно обезбедени од страна на Носителот на набавката. Обработувачот треба да обезбеди и тополошки приказ, архитектура и план за хостирањето на апликацијата и базата на податоци. Софтверската апликација може да биде и хостирана и на локални или глобални Cloud платформи доколку Носителот на набавката не поседува сопствена платформа. Обработувачот треба да овозможи лесна миграција на софтверската алатка на хардверска инфраструктура доколку системот на Договорниот орган одговара и ги исполнува условите за непречено функционирање на апликацијата. Веб апликација и податоците содржани во неа се во сопственост на Договорниот орган .

Бекапот на системот и базата на податоци се врши на дневно, неделно и месечно ниво. Пристапот до системот за бекап и враќање на податоци с строго ограничен и достапен само за однапред дефинирани лица.

Член 7

Договорот се склучува на определено време за период од 7 (седум) месеци, сметано од денот на склучување на договорот.

Член 8

Начинот на плаќање ќе биле вирмански во определениот рок до 45 дена по доставувањето на фактурата за извршените услуги до договорниот орган.

Член 9

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на договорот.

Член 10

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 11

Доколку не се дојде до взаемно прифатливо решение, за сите евентуални спорови стварно и месно надлежен ќе биде Основниот суд во Тетово.

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради не исполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, и по писмен пат.

Член 13

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 14

Договорниот орган го раскинува договорот за јавна набавка на услуги за време на важноста на договорот доколку:

- договорот е значително изменет, што резултира со обврска за спроведување нова постапка за јавна набавка ;
- носителот на набавка се наоѓал во една од ситуациите поради кон договорниот орган морал;
- да го исклучи од постапката за јавни набавки, но за овој факт не бил запознаен во текот на постапката, или
- договорот не требало да му се додели на носителот на набавка поради сериозни повреди на одредбите од Законот за јавните набавки кои со правосилна судска пресуда ги утврдува надлежниот суд.

Член 15

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 16

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

Договорниот орган, при извршување на договорот ќе ги преземе сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

Член 17

За се што не е регулирано со оној договор ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за Облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

Член 18

Договорот влегува но сила од денот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

Член 19

Овој Договор е изготвен во 5 (пет) еднакви примероци од кои 3 (три) примероци се за Договорниот орган и 2 (два) примероци се за Носителот на набавката.

Договорните страни го прочитаа договорот, истиот го прифаќаат и без забелешки го потпишуваат и заверуваат со службените печати и штембили.

Составен дел на овој договор се : техничката спецификација и цените, односно цената дадена во единствената доставена и прифатлива понуда од Носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ	НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА ИНВЕНТИКО ДОО СКОПЈЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК	ОДГОВОРНО ЛИЦЕ
ДИМИТАР КОСТАДИНОСКИ	МИЛАН АРИЗАНКОСКИ